# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба** | **Број 1<br><br>15.01.2024** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 14 став (1), точка 3 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21. 01/23 , 05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 09.01.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За работа на Советот на Општина Крива Паланка**

**за 2024 година**

**ПРВ ДЕЛ:**

1. Програма за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2024 година.

   Изготвувач: ЈП „Комуналец“.

   Рок: март

2. Ивештај за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2023 година.

   Изготвувач: ЈП „Комуналец“.

   Рок: март.

3. Усвојување на Завршна сметка на ООУ „Илинден“,ООУ „Јоаким Крчовски“, СОУ „Ѓорче Петров“, Детска градинка „Детелинка“, Дом за ученици „Боро Менков“ – Крива Паланка за 2023 година.

   Изготвувач: училиштата, Домот за ученици и Детска градинка.

   Рок: март.

4. Извештај за работа на Градски музеј за 2023 година и Програма за работа на Градски музеј за 2024 година

   Изготвувач: Градски музеј

   Рок: Извештај - јануари – март

   Програма- септември - декември

5. Извештај за стопанисување со спортски објекти

Изготвувач: ЈП „Комуналец“

Рок: јануари

6. Информација за извршената наплата на данок од имот во Општина Крива Паланка за 2023 година.

Изготвувач: Одделение за финансиски прашања .

Рок: јули.

7. Донесување на буџетски календар за квартал.

Изготвувач: Оделение за финансиски прашања.

Рок: јануар – февруар.

8. Усвојување на Завршна сметка на ЕЛС.

Изготвувач: Оделение за финансиски прашања.

Рок: март.

9. Донесување на фискална стратегија.

Изготвувач: Оделение за финансиски прашања.

Рок: март – април.

10. Програма за уредување на авто-такси стојалиштата и останатата сообраќајна сигнализација.

Изготвувач: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Рок: јули.

11. Програма за уредување на сообраќајна сигнализација на територијата на Општина Крива Паланка.

Изготвувач: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Рок: август.

12. Предлог План на Програми за развој на Општина Крива Паланка

- културно наследство;
- природно наследство; и
- алтернативен туризам.

Изготвувач: ЛЕР.

Рок: октомври.

13. Програма за развој.

Изготвувач: ЛЕР.

Рок. Ноември.

14. Разгледулвање на квартални извештаи.

Изготвувач: Оделение за финанси, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Рок: април, јули, октомври и јануари.

15. Извештај од работата на редарските служби за одржување на јавна чистота во природата.

Изготвувач: Одделение за инспекциски надзор.

Рок: декмври.

16. Извештај за работа на ТППЕ.

Изготвувач: ТППЕ.

Рок: декемвир.

17. Програма за работа со месни заедници.

Изготвувач: ЛЕР.

Рок: јануари или февруари.

18. Извештај за работа од областа на образование ,спорт и млади .

Изготвувач: ЛЕР.

Рок: јули.

19. Извештај за реализација на проекти од странски донатори.

Изготвувач: Оделение за финанси, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Рок: декември.

20. Извештај за јавна безбедност.

Изготвувач: МВР – Крива Паланка.

Рок: февруари-октомври.

21. Извештај за меѓуопштинска погранична и меѓународна соработка.

Изготвувач: ЛЕР.

Рок: ноември.

22. Информација за искористеност на градежно земјоделско земјиште на територијата на Општина Крива Паланка.

Изготвувач: Одееление за комунална инфраструктура.

Рок: декември.

23. Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности меѓу мажите и жените.

Изготвувач: Комисија за еднакви можности.

Рок: септември.

24. Разгледување на ревизорски извњештај и тековна состојба.

Изготвувач: Одделение за ревизија.

Рок: март.

25. Информација за пристап до информација од јавен карактер.

Изготвувач: ЛЕР.

Рок: јуни.

26. Програма за работа на образование, спорт и физичката култура во Општина Крива Паланка.

Изготвувач: Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија.

Рок: декември .

27.Информација за хемиско биолошката анализа на водата на водоводите со кои управува ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка и состојба со локалните водоводи на територијата на Општина Крива Паланка.

Изготвувач: ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.

Рок: март

28. Информација за појавите и проблемите во бесправната градба во Општина Крива Паланка, со предлог-мерки за разрешување на проблемите.

Изготвувач: Градежна инспекција.

Рок: септември.

29 Извештај за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ – Крива Паланкла за учебната 2023/2024 година.

Изготвувач: СОУ „Ѓорче Петров“.

Рок: септември – октомври.

30 Годишна програма за работа на СОУ „Ѓорче Петров“ – Крива Паланка за учебната 2024/2025 година.

Изготвувач: СОУ „Ѓорче Петров“

Рок: септември – октомври.

31. Извештај за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка за учебната 2023/2024 година.

Изготвувач: ООУ „Јоаким Крчовски“

Рок: септември – октомври.

32. Годишна програма за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка за учебната 2024/2025 година.

Изготвувач: ООУ „Јоаким Крчовски“.

Рок: септември – октомври.

33 Извештај за работа на ОУ „Илинден“ – Крива Паланка за учебната 2023/2024 година

Изготвувач: ООУ „Илинден“.

Рок: септември – октомври.

34. Годишна програма за работа на ОУ „Илинден“ – Крива Паланка за 2024/2025 година.

Изготвувач: ООУ „Илинден“.

Рок: септември – октомври.

35. Извештај за работа на Домот за ученици „Боро Менков“ – Крива Паланка за учебната 2023/2024 година.

Изготвувач: Дом за ученици.

Рок: Септември - октомври.

36.Годишна програма за работа на Домот за ученици „Боро Менков“ Крива паланка за учебната 2024/2025 година.

Изготвувач: Дом за ученици.

Рок: септември – октомври.

37. Извештај за работа на Општинската јавна установа за деца – Детска градинка „Детелинка“ – Крива Паланка за учебната 2023/2024 година.

Изготвувач: Детска градинка.

Рок: септември – октомври.

38. Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца – Детска градинка „Детелинка“ – Крива Паланка за учебната 2024/2025 година.

Изготвувач: Детска градинка.

Рок: септември – октомври.

39. Програма за уредување на градежно неизградено земјиште и одржување на комуналната инфраструктура во Крива Паланка за 2025 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура.

Рок: ноември.

40. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локална патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2025 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: ноември.

41. Извештај за зимско одржување на улиците, тротоари и локални патишта во Општина Крива Паланка за 2023/2024 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: мај.

42. Програма за зимско одржување на улиците, тротоари и локални патишта во Општина Крива Паланка за 2022/2023 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: септември.

43. Извештај за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Крива Паланка за 2021 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: март.

44. Пограма за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Крива Паланка за 2023 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: ноември.

45. Пограма за одржување на парковите и градското зеленило како и спортскиот центар во Крива Паланка за 2023 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: ноември.

46. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: ноември.

47. Програма за изработка на урбанистички планови за Општина Крива Паланка за 2023 година.

Изготвувач: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Рок: ноември.

48. Извештај за реализација на Програмата за изтработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Крива Паланка за 2021 година.

Изготвувач: Одееление за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина:

Рок. март.

49. Програма за Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2025 година

Изготвувач: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Рок: ноември.

50. Извештај за реализација на Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година.

Изготвувач: Одееление за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина:

Рок. март

51. Програма за Програма за третирање на бездомните животни на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2025 година

Изготвувач: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Рок: ноември.

52. Извештај за реализација на Програма за третирање на бездомни животни на подрачјето на Општина Крива Паланказа 2023 година.

Изготвувач: Одееление за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина:

Рок. март

53.Извештај за реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година**.**

Изготвувач: Одделение за јавни дејности.

Рок: февруари

54. Извештај за реализирани активносто по програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2023 година

Изготвувач:ЈП Комуналец

Рок: февруари

55. Разгледлување на Предлог – Буџет на Општиа Крива Паланка за 2025 година.

Изготвувач: Одееление за финансиски прашања.

Рок: ноември.

56. Донесување Буџет на Општината за 2025 г одина.

Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Рок: декември.

57. Донесување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година.

Изготвувач: Одделение за финансии, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Рок: декември.

58. Информација за состојбата на градската депонија во село Конопница.

Изготвувач: ЈП „Комуналец“.

Рок. Март - август.

59. Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2025 година.

Изготвувач: Комисија.

Рок: декември.

60.Извештај за работа на совет за социјална заштита.

Рок:ноември

61.Извештај за работа на совет на млади.

Рок:ноември

62.Извештај за работа на Фондација ,,Со срце за Крива Паланка’’

Рок:ноемвери

62. Советнички прашања, предлози и иницијативи.

**ВТОР ДЕЛ:**

Освен прашањата наведени во првиот дел на оваа Програма во текот на 2024 година Советот ќе расправа и одлучува и по следните прашања.

1. Разгледување на прашања по иницијативи и предлози на месните заедници на граѓаните.

2. Тековни прашања и проблеми од комуналната свера, урбанизам и заштита на животната средина.

3. Разгледување на прашања и донесување на одлуки од областа на цивилната и противпожарна заштита и Локален совет за превенција.

4. Разгледување на прашања и проблеми сврзани со соработката на Општината со подрачните единици на Републичките министерства и инспекциските органи.

5. Разгледување Извештаи на Градоначалникот за извршување на одлуките донесени од страна на Советот и информирање за извршување на надлежности на градоначалникот на Општината.

6. Освен наведените прашања и проблеми Советот на Општината во текот на 2024 година ќе расправа и одлучува и по други прашања согласно Законот за локална самоуправа.

**Бр.09- 95/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**12.01.2024 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2024 година**

1.Се објавува Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2024 година,што Советот ја донесе на 35-та седница, одржана на ден 12.01.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –95/4**
**15.01.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 27 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр.32/20 и 111/23) и член 14 став (1) точка 7 и 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 12.01.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за утврдување на Нацрт верзија за Детален Урбанистички План за дел од блок**

**Ј-06 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2023-2028**

Член 1

Се утврдува Нацрт верзија за Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-06 КО Крива Паланка, согласно ГУП за град Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2023-2028.

Член 2

Границата на планскиот опфат за изработка на Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-06 КО Крива Паланка, согласно ГУП за град Крива Паланка Општина Крива Паланка, е дефиниран со следните граници:

-помеѓу од ул. „Св. Јоаким Осоговски“ кај КП 3649/7 КО Крива Паланка долж северо-источна осовина на ул. „Св. Јоаким Осоговски“ до крстосница со ул. „17 Македонска Бригада“, осовина на ул. „17 Македонска Бригада“ до крстосница со ул. „Наско Тамбрукров“, осовина на ул. „Наско Тамбрукров“ до КП 3649/8 КО Крива Паланка, на север ја пресекува КП3650/1, ја опфаќа КП 3649/8, поминува помеѓу границата на КП 3649/3, 3651, 3649/3 и 3649/7.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 0,54ха.

Член 3

Нацрт верзија за Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-06 КО Крива Паланка, согласно ГУП за град Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2023-2028, со технички број 31/23 од јануари 2024 година, изработен од ДАДИТИА„Тајфа архитекти“ДООЕЛ Куманово, и се состои од:

-тектуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе биде објавено во ,,Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-95/5**
**12.01.2024 год.**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за утврдување на Нацрт верзија за Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-06 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка**

**со плански период од 2023-2028**

1.Се објавува Одлука за утврдување на Нацрт верзија за Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-06 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со плански период од 2023-2028,што Советот ја донесе на 35-та седница, одржана на ден 12.01.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –95/6**
**15.01.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21. 01/23 , 05/23 и 14/23 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 09.01.2024 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА КУПУВАЊЕ НА ДИГИТАЛЕН УРЕД**

**I ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за давање финансиска поддршка на студенти кои спаѓаат во категоријата на млади, запишани на редовни додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високо образовните установи во Република Северна Македонија и купиле дигитални уреди за потребите на нивното високо образование.

Финансиските средства се предвидени во Буџетот на Општина Крива Паланка, со што ќе се изврши надоместување на дел од трошоците направени при купување на дигитален уред во тековната студиска година.

Општина Крива Паланка (во натамошниот текст: Општината) дава поддршка на млади студенти преку поврат на дел од средствата направени при купување на дигитални уреди (во натамошниот текст: средствата).

„Дигитални уреди“, во смисла на овој Правилник, се: десктоп компјутер, преносен компјутер, односно лаптоп или таблет;

„Млади" се лица на возраст од 15 до 29 години и

„Студент", во смисла на овој Правилник е лице кое се стекува со овој статус со запишувањето на прв циклус на студии на јавните и приватните универзитети и високо образовните установи во Република Северна Македонија.

**Член 2**

Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина, согласно овој Правилник имаат студенти кои спаѓаат во категоријата млади, со адреса на живеење на подрачјето на општина Крива Паланка, кои уредно ќе ја достават целокупната потребна документација и ќе ги исполнат критериумите од овој Правилник.

Барања ќе може да се поднесуваат и по завршувањето на Јавниот повик, доколку предвидените средства за оваа намена не бидат целосно исцрпени, но не подоцна од 30 ноември во календарската година.

За дополнително поднесување на барања Општината е должна да ја информира јавноста на својата веб страна дека јавниот повик е продолжен и по изминувањето на рокот за кој е објавен.

**Член 3**

Износот на финансиските средства за купен дигитален уред се определува со Одлука на Советот на општина Крива Паланка за секоја година посебно.

**Член 4**

Со цел да се реализира Одлуката на Советот за определување на максималниот износ за доделување на субвенција за купување на дигитален уред за студенти, Општината објавува Јавен повик.

1.Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk);

2.Јавниот повик ќе трае од 01 јуни до 01 октомври во календарската година;

3.Јавниот повик ќе се реализира по принципот ,,прв дојден - прв услужен“;

4. Доколку бидат исцрпени предвидените финансиски средства Општина Крива Паланка ќе ја информира јавноста дека Јавниот повик е прекинат пред истекот на периодот за кој е објавен;

## II ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 5**

Право на субвенционирање на дел од средствата за купување на дигитален уред имаат студенти запишани на додипломски студии од прв циклус, со адреса на живеење на подрачјето на општина Крива Паланка, кои ги исполнуваат следните услови:

- да спаѓаат во категоријата на млади дефинирани во член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20);
- да студираат на јавните и приватните универзитети и високо образовните установи во Република Северна Македонија;
- да се редовни студенти;
- да не повторувале година во студирањето;
- да имаат положено 70% од предвидените испити од претходините студиски години и тековната студиска година

(Студентите кои студираат во јавните и приватните универзитети и високообразовните установи каде вкупниот број на предвидени испити за една студиска година е помалку од 10 (десет) испити, за критериумот да имаат положено најмалку 70% од предвидените испити ќе се земе критериумот да имаат положено 2 (два) испити помалку од вкупно предвидениот број на испити);

- дигиталниот уред да е набавен на територијата на Република Северна Македонија за студиската година наведена во Јавниот повик;
- претходно да немаат користено средства од буџетот на Општината за купен дигитален уред за студенти;

Сите студенти кои во периодот на објавување на Јавниот повик ги исполнуваат овие услови имаат право да конкурираат за финансиска поддршка за субвенционирање на дел од средствата за купување на дигитален уред.

## III ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 6**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства согласно овој Правилник, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, од редот на вработените во општинската администрација, формира Комисија составена од 3 (три) члена заради спроведување на постапката за субвенционирање на студенти жители на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред.

**Член 7**

Барателот е должен да ја поднесе следната документација за потврда на исполнувањето на условите за добивање на финансиски средства:

- барање за финансиски средства (барањето може да се подигне во Архивата на Општина Крива Паланка или да се обезбеди од интернет страницата на Општината www.krivapalanka.gov.mk);
- потврда за редовен студент;
- уверение за положени испити и УППИ образец;
- фотокопија на важечка лична карта или патна исправа на барателот;
- фотокопија од активна трансакциска сметка на барателот/примач на средствата;
- доказ дека е извршено купување на дигитален уред на територијата на Република Северна Македонија со прилагање на оригинал фискална сметка или фактура заедно со извод од соодветна деловна банка, сметајќи го периодот на запишување на студската година наведена во Јавниот повик;

Едно лице – студент, кое што ги исполнува условите, согласно овој Правилник има право за добивање на финасниски средства за субвенционирање само за еден дигитален уред.

**Член 8**

Барањето за финансиски средства за субвенционирање на купување на дигитален уред, заедно со целокупната потребна документација, се поднесуваат секој работен до Комисијата во затворен плик преку Архивата на Општина Крива Паланка.

Архивата на Општина Крива Паланка примените барања ги евидентира по деловоден број.

На затворениот плик задолжително треба да е наведена дознаката „Јавен повик за субвенционирање на студенти на подрачјето на Општина Крива Паланка за купен дигитален уред’’.

**Член 9**

По објавување на Јавниот повик, а согласно со динамиката на пристигнување на барањата, се до завршувањето на Јавниот повик, односно до исцрпувањето на Буџетот, Претседателот на Комисијата свикува состаноци на кои ќе се разгледуваат пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната докуметација.

Комисијата ги разгледува пристигнатите барања со цел да утврди дали истите се уредни и комплетни. Доколку се констатира дека одредено Барање е некомплетно, Комисијата е должна да го извести барателот и да го задолжи во рок од 5 (пет) работни дена по известувањето да ги комплетира документите. Доколку Барателот не ги комплетира документите во предвидениот рок, ќе се смета дека не ги исполнува условите за субвенционирање и Барањето ќе му биде одбиено.

**Член 10**

Комисијата го утврдува исполнувањето на условите предвидени во овој Правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Крива Паланка за одобрување на барањето за финансиски средства за надоместување на дел од трошоците направени при набавка на дигитални уреди.

Градоначалникот на предлогот на Комисијата донесува Решение за одобрување на Барањето на оние баратели кои ги исполниле условите предвидени со овој Правилник и Јавниот повик.

Комисијата ги известува барателите кои немаат доставено уредна и комплетна документација, согласно на овој Правилник и им ја враќа истата документација во прилог на известувањето.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка на предлог на Комисијата донесува Решение за одбивање на Барањето на оние баратели кои не ги исполниле условите предвидени со овој Правилник и Јавниот повик.

Против Решението на Градоначалникот не е дозволена посебна жалба.

**IV ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

Општина Крива Паланка има обврска да ги чува документите кои ќе бидат доставени во прилог на поднесените барања од физичките лица во период од најмалку 5 години, како и да води уредна евиденција на сите доставени барања од физичките лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, согласно овој Правилник, како и на сите донесени Решенија од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 12**

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот бр.09- 379/7 од 30.01.2023 година.

**Член 13**

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 95/7**
**12.01.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски средства на Буџетот на Општина Крива Паланка за сувенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување дигитален уред**

1.Се објавува Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски средства на Буџетот на Општина Крива Паланка за сувенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување дигитален уред,што Советот ја донесе на 35-та седница, одржана на ден 12.01.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –95/8**
**15.01.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21. 01/23 , 05/23 и 14/23), Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2024 година бр.09-5620/29 од 07.12.2023 година, а согласно на член 3 од Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред, Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 12.01.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред во учебната/академската 2023 - 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува максималниот износ на финансиските средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред во учебната/академската 2023 - 2024 година на оние студенти кои спаѓаат во категоријата на млади, согласно член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), кои се со адреса на живеење на подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Максималниот износ на финансиските средства за поедничена субвенција за студенти за купен дигитален уред по лице се определува во износ од 50% од вредноста на дигиталниот уред, но не повеќе од 6.000,оо (шест илјади) денари во нето износ.

**Член 3**

Финансиските средства од член 2 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024, програма АО, ставка 464990 во вкупен износ од 300.000.оо (триста илјади) денари.

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на студент кое спаѓа во категоријата на млади за купен дигитален уред за учебната 2023-2024 година се утврдени со Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред бр.09-95/7од 12.01.2024 година, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09-95/ 9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**12.01.2024 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред во учебната/академската 2023 - 2024 година**

1.Се објавува Одлука за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред во учебната/академската 2023 - 2024 година,што Советот ја донесе на 35-та седница, одржана на ден 12.01.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –95/10** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.01.2024 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на Република Северна Македонија „ бр.101/2019 ), член 14 став (1) точка 10 и 39 и член 71 став (1) од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 12.01.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

